**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 03-157
13.04. **2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 14 став 1 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), точка 3 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-1107/1 од 18.03.2021 година, поради неисполнување во целост на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 став 1 од Законот за медиуми, од страна на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година согласно Заклучокот арх.бр.02-1589/5 од 12.04.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“, заради извршена повреда на член 14 став 1 од Законот за медиуми, а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“, не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно во изданието бр.147 за февруари 2021 година на „Убавина и здравје“ не ги објавило податоците за адресата на печатницата.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-1107/1 од 18.03.2021 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“ во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 29 од Законот за медиуми надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, на 18-ти март 2021 година, изврши вонреден административен надзор кај субјектот на надзорот: издавачот на печатен медиум Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје" при што констатираше прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми, на начин што Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје" не ја исполни обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно во изданието бр.147 за февруари 2021 година на „Убавина и здравје" не ги објавило податоците за адресата на печатницата.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-1107/1 од 18.03.2021 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје" на 19.03.2021 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-157 од 22.03.2021 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-1107/1 од 18.03.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Во предвидениот рок, Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје" не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Советот на Агенцијата на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје" да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 14 став 1 и член 29 од Законот за медиуми, точка 3 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-1107/1 од 18.03.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-1589/5 од 12.04.2021 година донесе Решение со кое јавно се опоменува Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје" и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-1107/1 од 18.03.2021 година.

**Доставено до:**

- Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“;
- Управителот на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Примено / Pranuar: 18.03.2021
03 1107 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје", и тоа:

   - изданието за февруари 2021 година на „Убавина и здравје" бр. 147.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 18 март 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на печатен медиум ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која „*Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

   - *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
   - *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
   - *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
   - *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Претходно изречена мерка:** Нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје", во изданието бр. 147 за февруари 2021 година, не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, во изданието бр. 147 на „Убавина и здравје" не ги објавило податоците за адресата на печатницата.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), а согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13,

13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје", и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст - бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - јавна опомена, да го усогласи своето работење со член 14 став 1 од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***